# *Информатор бр 17*

Февруари, Март, Април и Мај 2004
**ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ - МЕЃАШИ 1992-2004**
Република Македонија ул"Коста Новаковиќ"бр22а 1000 Скопје
Телефон: (389-2) 2465-316 Телефон/Факс: (389-2) 2463-900
E-mail: first@childrensembassy.org.mk
Веб страна: www.childrensembassy.org.mk

Мисија на организацијата
Првата детска амбасада во светот-Меѓаши е невладина организација која се залага за почитување на детската личност преку застапување на детските интереси, заштитата на нивните права и збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и творечко. Го зајакнува НВО движењето за правата на детето во Република Македонија развивајќи го волонтерскиот пристап во работата и се грижи за спроведување на Конвенцијата за правата на детето.

**Во овој број**

1. **КОНСОЛИДАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ПДАС-МЕЃАШИ**
2. **СОС-ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ**
3. **МАКЕДОНСКИ ВОЛОНТЕРИ ВО АКЦИЈА**
4. **ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ**
5. **ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОДОБРО МЕЃУСЕБНО РАЗБИРАЊЕ**
6. **ЛОБИРАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ**
7. **УЧЕСТВА**
8. **ДОБРОВОЛНИ ПРИЛОЗИ И ДОНАЦИИ**
9. **РЕАКЦИИ**
10. **НОВ ЧЛЕН ВО НАШИОТ ДИПЛОМАТСКИ КОР**

## 1. КОНСОЛИДАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ПДАС-МЕЃАШИ

Со започнувањето на проектот за консолидација и развој на ПДАС Меѓаши, во рамките на програмата на МЦМС за јакнење на стратешките граѓански организации (2004-2007), беше извршена ревизија на работењето на ПДАСМ. Ревизијата ја изврши ревизорската куќа КПМГ, во согласност со меѓународните стандарди на ревизија и според нивно мнение финансиските извештаи на ПДАСМ реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на организацијата за 2003. год. и финансиското работење е во согласност со македонските закони.

Со проектот се предвидува зајакнување на организациското работење со обезбедување човечки и материјални ресурси, огласување на независното ревизорско мислење во дневниот печат како и печатење на годишните описни и финансиски извештаи заедно со независното ревизорско мислење.
И посакуваме добредојде на Нина Костова која благодарение на овој проект од 01.02.2004 година се вклучи во активностите на ПДАС-Меѓаши како програм асистентка.
Во периодот од 15 април до 15 јули Маја Танева, координаторката на детските работилници ја следи обуката низ работа организирана и реализирана во рамки на МЦМС.

## 2. СОС-ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

Последниве пет месеци на СОС тимот му се приклучија уште пет нови волонтери, а работното време е продолжено и сега е од 10:30 до 20:00 часот. Во склоп на проектот финансиран од Холандската Амбасада, во траење од една година, на волонтерите им е овозможен тренинг и супервизија на нивна4та работа од страна на Станислав Петковски - специјалист по медицинска психологија.

Во рамките на кампањата за промовирање на СОС телефонот беше направена акција за испраќање на рекламно-информативен материјал во сите основни училишта во Македонија, а започна и подготовка на брошура по повод 10 години од постоењето на СОС телефонот за деца и млади при ПДАС-Меѓаши.

Осврт од волонтер на СОС телефон за деца и млади:

*"Уште од самиот почеток беше голем предизвик да се биде СОС оператор и дел од овој тим. Во текот на овие три ипол години активно учество во градењето на тимот поминавме низ повеќе бурни периоди-од времето кога ниту имаше волонтери ниту пак јавувања, па се до ден денес кога сме едно големо СОС семејство и секако зголемен број јавувања.*

*Тешко е со зборови да се пренесе целокупното искуство што го стекнав во текот на оваа работа, меѓутоа едно е јасно дека досегашното волонтирање на СОС телефонот ќе остане длабоко врежано во мојот личен развој.*

*СОС телефонот беше првата активност преку која почнав да стекнувам практично искуство од структурата што ја одбрав како моја идна професија. Со секое наредно јавување спонтано созревав (и сеуште созревам) како личност. Проблемите што другите луѓе-јавувачите-ги изнесуваат во голема мера ми помогнаа животот да го гледам на поинаков начин. Учев (и се уште учам) активно да слушам и исклучиво како човек да го разберам проблемот на другиот. Од суштинска важност е да се почитува јавувачот и да се сочувствува со неговиот проблем макар колку банален и да ни изгледа тој- за него е тој стварен проблем.*

*На крај би ја изразил мојата искрена благодарност што сплетот на околности ме донесоа да станам дел од оваа екипа затоа што ова несомнено е едно големо училиште за животот".*

## 3. МАКЕДОНСКИ ВОЛОНТЕРИ ВО АКЦИЈА

Во рамките на проектот Македонски волонтери во акција, менаџиран од ПДАС Мeѓаши, финансиран од УСАИД преку програмата ЦСХИ, се случуваа многубројни активности во периодот од февруари до месец мај. Освен имплементацијата на веќе тековните активности низ 10 градови во Македонија, волонтерите беа вклучени заедно со ЦСХИ во активност за разубавување на патарините на автопатот Е-75 низ кој ќе минуваат туристите за Летните Олимписки Игри во Атина. Исто така, во тек е и кампањата **"Be proud of your school"** за фарбање на сите средни училишта во Македонија, како и уредување на школските дворови од страна на волонтерите на МАК Акција. Според програмата на Призма, која ја финансираше последната фаза од проектот предвидено е и имплементирање на активности за поттикнување на претприемничките вештини кај

младите. Во соработка и финансиска поддршка од **ОСЦЕ** ќе се организираат два еко-кампови на Дебарското Езеро и Езерото Младост кај Велес. Во камповите ќе земат учество волонтери од различни националности од Велес, Тетово, Дебар и Куманово.

**4. ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ**

На 18.05.2004 година на сите деца учесници во детските работилници (англиски јазик, француски јазик, германски јазик, литературна секција, ликовна секција, оригами и компјутери) им беа доделени дипломи, а на раководителите на детските работилници Првата детска амбасада во светот-Меѓаши им додели благодарници за нивната доброволна ангажираност.

**5. ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОДОБРО МЕЃУСЕБНО РАЗБИРАЊЕ**

Основна активност беше одржувањето работилници во кои учествуваа учениците/чките од средното медицинско училиште "Д-р Панче Караѓозов" од Скопје во мешан состав - македонци/ки и албанци/ки. Работилниците беа фокусирани на повеќе теми од областа на ненасилната комуникација, како на пример градење на доверба, разбирање и разработка на конфликтите, улога на половите во општеството... Со желба подобро да се запознаат учениците/чките инициираа посети на црква и џамија, а организираа и заедничка еколошка акција за разубавување на училишниот двор и околниот простор.

Дел од професорите/ките вклучени во овој проект започнаа со организирање на трибини на кои со останатите професори/ки од училиштето создаваат простор за дискусија околу тековните проблеми со кои се соочуваат во работењето.

Во склоп на практичната настава што учениците/чките ја имаат, беше иницирано истата да се изведува во мешани групи бидејќи досега тие праксата ја изведуваа во етнички хомогени групи.

Од февруари, како координатор на проектот покрај Реџеп Раими се вклучи и Илија Дојчиновски.

Финансиска поддршка за овие активности добивме од Институтот за трајни заедници преку Американската агенција за меѓународен развој.

**6. ЛОБИРАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ**

Во текот на месеците април и мај Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија-ЕСЕ и Првата детска амбасада во светот-Меѓаши, предложија решенија за унапредување на законските прописи од областа на законите за семејство, социјална и детска заштита.

Во врска со содржината на решенијата во Предлогот за донесување на закон за измена и дополнувањае на Закон за семејството со Предлог закон, наместо по скратена постапка, предложивме за истите да се расправата во редовна постапка, заради запознавање на пошироката јавност и гра"аните, како и сите оние кои ги применуваат одредбите од овој закон, со што би се создале можности да се изградат квалитетни решенија во законската регулативе за семејство, а пред се за семејното насилство, правата на децата, односите родители и деца, родителското право, посвојувањето, судските постапки и друго. Истовремено, доколку не биде прифатен предлогот за измените и дополнувањата да се расправа во редовна постапка предложивме предлог амандмани согласно содржина на решенијата во Предлог законот за семејството, со кои одредени решенија треба да се бришат бидејќи истите не му обезбедуваат: ***третман на детето од објект да прерасне во субјект, решенија со кои посредно се казнува родителот заради неостварување на родителските должности и непосредно детето, потоа решенија со кои се бирократизира постапката за посвојување, како и да се преиспита***

***<u>содржината на одредени решенија кои се предложени како измени и доплонувања во овој закон, а треба да бидат содржина на друг закон.</u>***

Кон Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство подржувачи на иницијативата на ЕСЕ и ПДАС-Меѓаши беа следниве организации:
*Женска граѓанска иницијатива АНТИКО, МИА-СТОП СИДА, Марија Савовска координатор во женската програма на ФИООМ, Здружение на жени правнички-ТЕМИС, Ромска организација на жени од Македонија-ДАЈА, ПОЛИО ПЛУС, ПХУРТ, ШЕЛТЕР ЦЕНТАР-Прифатилиште за жени и деца жртви на насилство, Здружение за заштита на правата на детето, Организација на жени на општина Свети Николе, Унија на жени НОРМА-Ф, Здружение на жени-АУРЕОЛА, ОРТ-Здружение за информациии, обука и одржлив развој, Женско лоби и акција против насилството и трговијата со жени-Отворена Порта, Здружение на жени-ПРЕСТИЖ и Наташа Габер-Дамјановска.*

Во врска со Предлогот за донесување на закон за измена и дополнување на Закон за семејство со Предлог на закон беа одржани состаноци и тоа:
- На 20 април 2004 година побарана е средба со претседателите на Комисијата за труд и социјана политика и Законодавно-правната комисија при собранието на РМ и со Координаторката на Женскиот парламентарен клуб и испратена е информација до Министерот за труд и социјална политика.
-29 април 2004 е одржжана средба на претставници на ЕСЕ и МЕЃАШИ со координаторката на Женскиот парламентарен клуб, г-ѓа Елеонора Петрова.
-На 4 мај 2004 претставнички на ЕСЕ и МЕЃАШИ одржаа средба со претседателот на Комисијата за труд и социјална политика при Собранието на РМ , г-дин Иљаз Халими
- На 4 мај 2004 година е побарана средба со Координаторот на пратеничката група на СДСМ.
- На 6 мај 2004 испратена е информација и примерок од Предлог амандманите на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за семејството со предлог на закон на Претседателот, Потпретседателите на Собранието на РМ, Координаторите на пратенички групи, Заменик на Претседателот, членови и заменици на членови на Комисијата за труд и социјална политика при Собранието на РМ.
- На 7 мај 2004 Претставнички на ЕСЕ и МЕЃАШИ одржаа средба со Замениччката на координаторот на пратеничката група на СДСМ г-ѓа Славица Гркова и членката на комисијата за труд и социјална политика г-ѓа Ана Андова
- На 13 мај 2004 претставничките на ЕСЕ и МЕЃАШИ одржаа средба со Претседателот на Здружението за судии, г-дин Агим Мифтари
- На 13 мај 2004 по барање на пратеничката група на СДСМ, претставничките на ЕСЕ и МЕЃАШИ одржаа средба со Министерот за труд и социјална политика, претставници на Министерството за труд и социјална политика и две заменички на членови на Комисија за труд и социјална политика при Собранието на РМ, г-ѓа Лилјана Поповска, г-ѓа Благородна Мингова-Крепиева и г-ѓа Славица Гркова, Замениччката на координаторот на пратеничката група на СДСМ
- На 14 мај 2004 претставничките на ЕСЕ и МЕЃАШИ одржаа средба со г-дин Ристе Бислимовски, член на Комисијата за труд и социјална политика и г-ѓа Благородна Мингова-Крепиева, заменик на член на Комисијата за труд и социјална политика

## 7. УЧЕСТВА

На ***11 февруари 2004*** година во Скопје, Министерството за труд и социјална политика организираше ***јавна расправа на тема-Предлог за изменување и дополнување на законот за социјална заштита*** на која учествуваше **М-р Драги Змијанац**, Извршен директор на ПДАС-Меѓаши.

Од ***20-22 февруаи 2004*** година во хотел Јадран во Скопје се одржа семинар на тема-Родова етика за грижа - можности за примена во разрешување на конфликти, на кој учествуваа **Гордана Пирковска Змијанац** и **Нина Костова**. Семинарот беше организиран од страна на Институтот за трајни заедници

Секој понеделник и среда во текот на ***месец февруари 2004*** година се одржуваа курсеви за односи со јавноста на кои учествуваше **Катерина Коневска**, волонтерка во ПДАС-Меѓаши. Курсевите беа организирани од страна на Новинари за права на жени и деца.

Од ***5-11 март***, **Гордана Пирковска-Змијанац** учествуваше на регионалниот состанок за мировно образование во Бања Врујци во организација на Центар за ненасилна акција-Белград.

На семинарот што се одржа на ***9-10 март 2004*** година во Скопје на тема- Раководење со човечки ресурси-учествуваа **Нина Костова**-програм асистентка и **Маја Танева** координаторка на детските работилници на ПДАС-Меѓаши. Семинарот беше организиран од страна на Институтот за трајни заедници.

На основачката средба што се одржа на ***16 март 2004*** **Граѓанската платформа на Македонија** ја избра ПДАС-Меѓаши за членка на Комитетот и Советот каде беа донесени одлуки за организациска структура и правен статус, повелба на принципи, начин на финансирање, членство и избор на членови на советот. Овој предлог беше даден врз основа на прифатениот документ за организациска структура и правен статус.
Граѓанската платформа на Македонија е иницирана и отворена за сите граѓански организации посветени на градење на граѓанското општество во Македонија. **слика од ГПМ**

Агенцијата за млади и спорт од ***17-20 март 2004*** година во хотелот Панорама во Скопје организираше форум на тема-Подготовка на предлог документ за стратегија на млади. На форумот учествуваше **Драги Змијанац.**

Од ***16-18.04.2004*** во хотел Епинал, Битола се одржа семинар на тема-Користење на театарски техники и вовед во форум театар-организзран од страна на Институтот за трајни заедници на кој учествуваа **Мирхан Сулејмановски** и **Елена Дамјановска**, волонтери во ПДАС-Меѓаши

Од страна на УСАИД-Њорл Леарнинг на ***21 април 2004*** во х. Александар Палас во Скопје се одржа церемонија на која на Драги Змијанац му беше доделена диплома за постигнат успех за застапување и лобирање.

Во периодот од ***22-25 април 2004*** година во посета на ПДАС-Меѓаши, беше Вице амбасадоротна ПДАС-Меѓаши од Неапол **Д-р Антонио Дилето**.
Тој имаше можност да се запознае со активностите на Првата детска амбасада во светот-Меѓаши и беше примен од Г-ца Марија Аделе Чофи од Комерцијалното аташе на Италијанската амбасада.
Воедно тој поднесе апликација за продолжување на Дипломатскиот пасош како Вице амбасадор во наредните 4 години.

Од ***21-22 мај 2004*** во хотел Бистра-Маврово се одржа првиот состанок на Националната советодавна група на ЦИВИЦУС Индексот на граѓанското општество на РМ на која учествуваше **Драги Змијанац.**

## 8. ДОБРОВОЛНИ ПРИЛОЗИ И ДОНАЦИИ

Благодарност до слаткарницата “Росана” која три години по ред обезбедува торти за децата кои се згрижени во прифатилиштето на ПДАС-Меѓаши.

На ***Елизабета Алии*** која е самохрана мајка во тешка егзистенцијална состојба ТД-Оскар ДООЕЛ Скопје на барање на ПДАС-Мећаши, и подарија една бебешка количка. **слика на бебето и количката**

Димитар Гучев-активист неколку пати донесе пакети со стара сочувана облека за раселените и социјално загрозените лица, како и креветче кое го донираше на едно од децата згрижено во нашето прифатилиште.

ТД-С-Т Скопје донираше осум пакети со памперс пелени, од кои пет пакети беа дадени на Елизабета Алии за нејзиното новороденче, а три на внатрешно раселените лица.

Брокерската куќа БРОДИ преку доброволна акција во касата собра 646 денари за активностите на ПДАС-Мећаши. Првата детска амбасада во светот-Мећаши се заблагодари со благодарница.

По повод Велигденските и Првомајските празници Кам Маркет и ТП-Рудине И ЈСП-Актуел донираа прехранбени производи (јајца, млеко и млечни производи, кашички, тестенини, месо и месни производи, вафли и др.) за внатрешно раселените лица згрижени во прифатилиштето на ПДАС-Мећаши.

**9. РЕАКЦИИ**

Во врска со изјавата на претседателот на Синдикатот за образование, наука и култура (СОНК), Дојчин Цветановски дека учениците во средните и основните училишта нема да добијат диплома и нема да се запишуваат нови ученици во наредната година, доколку не им се исплати априлската плата, Првата детска амбасада во светот-Мећаши реагираше со следнава изјава:

ПДАС-Мећаши смета дека остварувањето на правата на работниците во установите за основно и средно образование не треба да се остваруваат со закани кои значат казнување на децата-учениците, иако истите редовно ја посетувале наставата и за резултатите во следењето на наставата треба да добијат соодветен документ односно свидетелство, согласно законот, и да бидат запишани во учебната година како право и обврска на секој ученик.

Организирањето на штрајк од страна на СОНК за заштита на правата на работниците во образованието не треба да има за повод образложение со закана со која се скратуваат правата на децата, како потреба да се остварат интересите во расправата со партнерите во колективното договарање, со што истото ќе го сметаме за злоупотреба на правата на децата.

**10. НОВ ЧЛЕН ВО НАШИОТ ДИПЛОМАТСКИ КОР**

Во согласност со правилникот за користење на дипломатски пасош, Извршниот колегиум на Првата детска амбасада во светот-Мећаши донесе одлука, Почесниот Конзул Неговата Екселенција Проф. Др. ***Пол Ратнајак*** да биде номиниран со титулата Почесен Конзул во Базел и Базеленд, Швајцарија, и го задолжи да ги застапува целите на Амбасадата-заштита на децата и нивните права, и за помагање на Амбасадата во нејзините напори за реализација на нејзината мисија.
На таа основа Извршниот Директор го предава Дипломатскиот Пасош од Првата детска амбасада во светот-Мећаши со Бр.211, и дата на важење до 29.04.2008

До следниот број поздрав од тимот на ПДАС-Меѓаши